British Embassy Skopje
UKaid from the British people
ILPP Institute for Leadership and Public Policy



# Учество на жената во политика во Полошкиот регион, Северна Македонија - Истражување за факторите на влијание

Тетово, август 2021

**Издавач:**

Институт за Лидерство и јавни политики - Тетово

**За издавачот:**

Пранвера Касами - извршна директорка на Институт за лидерство и јавни политики

**Уредник:**

Блерим Салихи - Институт за лидерство и јавни политики

**Автори:**

Агрон Рустеми, Професор - Факултет за современи општествени науки, Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово

Мемет Мемети, Декан - Факултет за современи општествени науки, Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово

Пранвера Касами - извршна директорка на Институт за лидерство и јавни политики

Овој производ е подготвен во рамки на проектот “Зголемено учество на жените во политиката во Северна Македонија„ - имплементиран од Институт за лидерство и јавни политики - Тетово, финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.

# Учество на жената во политика во Полошкиот регион, Северна Македонија - Истражување за факторите на влијание

Август, 2021

## Содржина


ИЗВРШНО РЕЗИМЕ .......... 5
ВОВЕД .......... 7
МЕТОДОЛОГИЈА .......... 8
ПРАВНА РАМКА .......... 8
ТЕРЕНСКО ИСТРАЖУВАЊЕ .......... 11
б) Примероци на истражувањето .......... 11
в) Пристап .......... 11
Варијабли .......... 12
г) Преглед на варијаблите Етничка припадност .......... 12
Пол .......... 13
Населено место .......... 14
Образование .......... 15
Возраст на анкетираните .......... 16
Вариаблата вработеност .......... 16
Економски статус .......... 17
Б. Учество на жените во политичкиот живот .......... 18
Какво е вашето мислење за следниве изјави поврзани со квоти (во изборната листа секое трето место е .......... 27
ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА .......... 29
ПРЕПОРАКИ .......... 31
БИБЛИОГРАФИЈА .......... 32
АНЕКС .......... 33
**Структуриран прашалник .......... 33**

## ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Воведно резиме

И во Република Северна Македонија еден од главните предизвици за родова рамноправност е постигнувањето на родов паритет во политичките и општествените процеси во заедницата. Треба да се истакне дека правната рамка ги гарантира истите права за мажите и жените, но влијанието на општествените норми, обичаите, традицијата, економските услови и институционалните бариери се сериозна пречка за зајакнувањето и унапредувањето на положбата на жената во оваа сфера.

Резиме на Методологија

Ова истражување е спроведено во Полошкиот плански регион на територија од 2416.91 км, има вкупно 184 населени места во кои живеат 319.916 жители од кои 73.2% се Албанци, 18.4% се Македонци, 5.7% се Турци, 1.9% Роми, 0.01%, власи, 0.32% срби 0.08% Бошњаци и 0.66% други етнитети. Според податоците на Заводот за Статистика, од вкупниот број на население, 161005 се мажи и 158911 се жени. Во ова истражување се опфатени се жени и мажи над 18 годишна возраст. Со анкетата се опфатени 498 (44 % мажи и 56% жени) анкетирани лица. Примерокот е репрезентативен бидејќи анкетираните ја рефлектираат етничката структура на населените места (урбана и рурална димензија) возраста, образовното ниво во полошкиот регион.

Резиме на анализата на податоците од истражувањето

Анкетираните одговорија на прашањето на политичката активност. 35 % од анкетираните се гласачи на политичка партија,11% се членови на политичка партија 9% се приврзаници на одредена политичка партија, 5% се активисти на политичка партија, додека дури 40 % немаат никаква поврзаност со политичка активност. Ако се анализираат одговорите според пол, може да се заклучи дека % на мажите вклучени во политиката е повисок споредбено со жените (11.9% vs.9.7%), само 2.5 % се активистки на политички партии, и % на жени кои се гласачи само или немаат интерес исто така е повисоко споредбено со мажите. Анкетираните одговорија на прашањето дали изборите во Република Северна Македонија се фер и демократски, 37.3% од анкетираните сметат дека до одреден степен изборите се демократски. Дури 29.7 % не се согласуваат а 16.3% воопшто не се согласуваат дека изборите се фер и демократски. Перцепцијата на граѓаните и граѓанките за вклучување на жените во политичкиот живот е важна бидејќи е основа за дизајнирање на интервенциите за зголемено учество на жените во политичкиот живот. Дури 33.7 % од анкетираните сметат дека жените не се вклучени во политичкиот живот, интересно дека 7% од анкетираните не одговорија на оваа прашање, и само 14.1 % сметат дека жените се вклучени во политичкиот живот. Секоја второ анкетирано лице ,без оглед на пол смета дека жените воопшто и не многу се застапени во водечки позиции на централно или републичко ниво. Секоја 10 анкетирана жена смета дека жените многу и во голема мера се вклучени во водечки позиции на републичко ниво. Следствено, перцепцијата на граѓаните и граѓанките во полошкиот плански регион е дека жените се исклучени од водечките позиции на централно ниво. Граѓаните сметат дека врз решителноста да се вклучат во политичкиот живот влијаат повеќе фактори. Најголем процент на граѓаните (2/3) сметат дека предрасудите и перцепцијата дека политиката е валкана и корумпирана влијаат жените да не се вклучат во политичкиот живот на СРМ. Околу 50% анкетираните сметат дека немањето на поддршка од политичките партии и семејството, и поддршка од сопругот многу или во голема мера

влијаат врз решителноста на жената да се вклучи во политиката. Интересен е наодот, компаративно со другите фактори, дека образованието споредбено има помала корелација со вклученоста на жената во политиката (38% ). Анкетираните одговорија и на прашањата за механизмите за поддршка за постигнување на родовата еднаквост во политиката. Следствено, 62.2% ги подржуваат мерките донесени со закон за поддршка на женските кандидатски листи, 52% сметат дека кандидатите жени треба да имаат финансиска поддршка, и 55% сметат дека треба да се работи со политичките партии да воведат родов паритет во партиските структури. Секое 10-то анкетирано лице е против афирмативните мерки за промовирање на родовиот паритет во политиката.

Резиме на заклучоци и препораки

Граѓаните и граѓанките во полошкиот плански регион сметат дека жените не се доволно вклучени во политичкиот живот во Република Северна Македонија. Граѓаните сметат дека политичарите жени, политичарите од не-мнозинските заедници и младите политичари имаат споредна улога во политичкиот живот во РСМ. Сепак, најголем процент на граѓаните сметат дека предрасудите и перцепцијата дека политиката е валкана и корумпирана имаат влијание жените да не се вклучат во политичкиот живот на СРМ. Во полошкиот плански регион не постои традиција на организираност на жените во граѓанското општество, со цел артикулација на интересите и потребите на жените. Длабоко вкоренетите културни норми за поделбата на одговорностите на жените и мажите во целокупното живеење, со кое утврдуваат одредени улоги со кои жената се идентификува со домот и семејството, а мажот со управувањето и раководењето доведува до состојба на (само)исклучување на жените од политиката. Ограничениот број на жени кандидати во политичките партии е причина за помалата застапеност на жените. Ограничената застапеност е поврзана со нискиот процент на жени кандидати, а не со недостатокот на поддршка од гласачите. Во зависност од изборниот систем, таквите разлики можат да бидат резултат или на родовите јазови во однос на политичките амбиции, или пак на процесот на регрутирање и селекција внатре во политичките партии.

Да се зајакнат капацитетите на институционалната машинерија во ЕЛС во полошкиот регион бидејќи тие се основни двигатели на спроведување на политиките на родова еднаквост на локално ниво како нуклеус на секоја општествена промена. Инсистирање на воведување на посебни мерки и на ниво на извршната власт на централно и локално ниво, со утврдување на посебни квоти и за извршните позиции. Да се поттикне јавна дебата од страна на цивилното општество, со цел информирање на граѓаните, конкретно на жените за потребата за вклучување на жените во јавниот и политичкиот живот. Комисијата за еднакви можности меѓу жените и мажите и женските граѓански здруженија да организираат обуки за политичките партии со цел нивно сензибилизирање за родовата еднаквост и родовиот паритет во партиските структури. Да се воведе родова квота во политичките партии со цел да подобри пристапот на жените во одлучувачките структури, а се со цел создавање на ,,роле модел,, на жени активни во политичките партии со цел инспирирање на жените за поактивно вклучување во политиката.

## ВОВЕД

И во Република Северна Македонија еден од главните предизвици за родова рамноправност е постигнувањето на родов паритет во политичките и општествените процеси во заедницата. Треба да се истакне дека правната рамка ги гарантира истите права за мажите и жените, но влијанието на општествените норми, обичаите, традицијата, економските услови и институционалните бариери се сериозна пречка за зајакнувањето и унапредувањето на положбата на жената во оваа сфера.

Иако рамноправни пред законот, како резултат на менталниот и традиционалниот код, жените во Република Северна Македонија сеуште не се вклучени во политичките процеси .Основниот принцип на демократијата е вклучување и учество на сите сегменти на заедницата во процесот на јавни политики. Важноста на учеството на граѓаните во процесот на креирање политики е нагласена во разни меѓународни документи, додека на национално ниво постојат низа правни документи кои предвидуваат учество на младите и младите жени во овој процес. Некои од најважните се Изборниот законик, Закон за пратеници, Законот за локална самоуправа, Законот за еднакви можности на жените и мажите, Законот за младинско учество и младински политики, , како и многу стратешки документи кои повикуваат на вклучување на граѓаните и нивно активно учество во развивањето и спроведувањето на политиките на соодветните стратешки цели. Законите обезбедуваат правна основа за разни механизми преку правото да бидеме избрани или именувани (индиректна демократија) но и преку правото на учество на граѓаните, граѓански иницијативи, јавен собир, референдум да одлучуваме за јавните политики (директна демократија). Механизмите на учеството на граѓаните, посебно жените, како можност за влијание врз политики сè уште не се целосно искористени, не се функционални и ефикасни. Евидентен е фактот дека спроведувањето на овие механизми е спорадично и е главно иницирано од иницијативи од меѓународната заедница. Ова е резултат на недостатокот на посветеност, ресурси и лидерство на властите за унапредување и зајакнување на учеството на жената од една страна, но е и последица на непостоењето на граѓански организации и немањето на свест за граѓанскиот активизам посебно кај жените за да се врши притисок врз доносителите на одлуки за посуштествено учество на жените во политичките процеси. Иако, секој од аспектите елаборирани погоре може да се најде во механизмите за учество во институциите на централно и локално ниво евидентно е дека нема докази дека постои балансиран пристап на учество на мажите и жените во политичките процеси. Компаративните искуства укажуваат дека стереотипите за капацитетите на жените имаат негативен ефект во учеството на жените во политичкиот и јавниот живот. Овие стереотипи се основа за маргинализација и

сегрегација не само во водечките позиции на одлучување на локално ниво и централно ниво туку и (само) исклучување од партиципативните политички и општествени процеси во локалната заедница. Со оваа состојба се соочуваме и во полошкиот регион каде жените недоволно ги предизвикуваат доминантните културни норми, првенствено бидејќи немаат поддршка од заедницата (семејство, ГО, политичките партии, институциите на локално и централно ниво), недостаток на „позитивен пример (role model) " како двигател на промени и следствено жените се сеуште исклучени од политичките и општествените процеси. Евидентен е фактот дека постои значителен родов јаз во процесите на донесување на одлуки во централно и локално ниво. Иако од една страна постои значително зголемување на застапеноста на жените во националниот парламент (со 34%), жените, а особено оние кои припаѓаат на не-мнозинските се помалку застапени на министерски позиции, на високи позиции во дипломатската служба додека на ниво на градоначалници % градоначалнички е на ниво на статистичка грешка.

## МЕТОДОЛОГИЈА

*Истражувањето е остварено во две димензии;*

Анализа на правната рамка со која се регулира учеството во политичкиот живот во Република Северна Македонија и

Теренско истражување, преку анкетирање на жени и мажи од Полошкиот регион во врска со пристапот и учеството во политичкиот живот преку механизмите на индиректна и директна демократија.

Истражувањето се базира на примарен ресурс (анкета). Институтот за јавни политики ја дизајнираше истражувачката методологија ангажирајќи експерт, со цел оценување на ставот на жените и мажите од Полошкиот регион, во врска со прашањето на политичкиот активизам. Поединостите кои се поврзани со истражувачките инструменти, пристапот и примерокот се претставени подолу во овој документ.

## ПРАВНА РАМКА

Треба да се истакне дека правната рамка во Република Северна Македонија ги има поставено основите за рамноправност кои се однесуваат на економските и социјалните права. Во овој контекст, членот 9 од Уставот гласи: "Граѓаните на Република Северна

Македонија се рамноправни во слободите и правата, независно од полот, расата, бојата на кожата, националната и социјалната припадност, политичкото и религиозното убедување, имотната и општествената положба“.[1] Граѓаните се рамноправни пред Уставот и законите.

Вниманието за родовата рамноправност се гледа и во фактот дека политичките чинители во Република Северна Македонија има донесено посебен Закон за еднакви можности. Овој закон го регулира прашањето на родовата рамноправност, промовирајќи еднакви можности меѓу жените и мажите во политичката, економската, социјалната и образовната сфера. Законот ја санкционира новата терминологија на еднакви можности и рамноправен третман како најважни за постигнување на еднакви можности. Законот предвидува воспоставување еднакви можности на жените и мажите во политичката,економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и било која друга сфера на општествениот живот. Законот предвидува два вида мерки за обезбедување еднакви можности на жените и мажите:

Општи мерки што подразбираат промена на социјалните и културните обичаи во однос на однесувањето на жените и мажите за отстранување на предрасудите, како и секоја друга практика заснована на инфериорност или супериорност на еден или друг пол или на традиционалната социјална улога на мажите или жени.[2]

Посебни мерки (привремени) преземени со цел надминување на постојниот неповолен социјален статус на жени и мажи, што произлегува од систематска дискриминација или структурна родова нееднаквост што произлегува од историски и социо-културни околности со цел да се отстранат бариерите или да се обезбеди посебен придонес за постигнување еднаква почетна точка, еднаков третман и урамнотежено учество. Според законот, посебните мерки ги опфаќаат следниве мерки што се релевантни за студијата за мапирање:

а) Позитивни мерки, при што под еднакви услови се дава приоритет на лица од помалку застапениот пол, сѐ додека не се постигне еднаква застапеност или не се постигне целта за која се преземаат мерките.

б) Охрабрувачки мерки со цел да се обезбедат посебни стимулации или да се воведат посебни предности со цел елиминирање на околностите што предизвикуваат нееднакво

[1] Член 9 Устав на Република Северна Македонија
[2] Член 3, Закон за еднакви можности на жените и мажите

учество на жени и мажи или нееднаков статус на едниот пол наспроти другиот или нееднаква распределба на социјалните добра и ресурси.3

Паралелно со ова, законот предвидува дека една од основните мерки за еднакви можности меѓу жените и мажите се мерки за систематско вклучување на принципот на еднакви можности помеѓу жените и мажите во процесот на дизајнирање, спроведување и следење на политиките и буџетите.4

Законот ги обврзува органите на државната управа и ЕЛС да го вметнат принципот на еднакви можности во стратешките планови и буџети и да ги следат ефектите и влијанието на нивните програми врз жените и мажите.5

Сепак за регулирањето на правата на жените и родовата рамноправност во политиката најзначајни се измените и дополнувањата на Изборниот законик од 2006 година кои предвидуваа вклученост на најмалку 30% жени кандидатки на партиските листи, а со тоа секое трето место на листата треба да е предвидено за помалку застапениот пол.6

Со измените и дополнувањата на Изборниот законик од 2015 година беше обезбедена уште поголема вклученост на жените, со најмалку 40% жени, и тоа на секои три места, најмалку едно место му припаѓа на помалку застапениот пол (жените) и дополнително уште најмалку по едно место на секои десет места. Истото се однесува и на кандидатските листи за членовите на совет на општината и градот Скопје.7

Во контекст на правната рамка треба да се спомене и законот за спречување и заштита од дискриминација од 2020 година кој ги адресира сите облици на дискриминација, вклучувајќи ја и онаа врз основа на пол, род и родов идентитет. Согласно Законот за антидискриминација, формирана е Комисија за заштита од дискриминација како автономно и независно тело за жалби, и во него се преведени детални постапки за жалби за секое лице кое верува дека било жртва на дискриминација во разни сектори во јавниот или приватниот живот.

[3] Член 7, Закон за еднакви можности на жените и мажите

[4] Член 5, Закон за еднакви можности на жените и мажите

[5]Член 11 и 14, Закон за еднакви можности на жените и мажите

[6] Член 21, став 3, Изборен законик

[7] Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик

## ТЕРЕНСКО ИСТРАЖУВАЊЕ

### а) Полошки регион, општи податоци

Полошкиот регион во периодот од Мај 2008 година е етаблиран како плански регион според Законот за рамноправен регионален развој и е еден од осумте региони на ниво на Република Северна Македонија. Во овој регион влегуваат општините: Тетово, Гостивар, Маврово и Ростуше, Желино, Теарце, Боговиње, Врапчиште, Јегуновце и Брвеница.

На територија од 2416.91 км, има вкупно 184 населени места во кои живеат 319.916 жители од кои 73.2% се Албанци, 18.4% се Македонци, 5.7% се Турци, 1.9% Роми, 0.01%, власи, 0.32% срби 0.08% Бошњаци и 0.66% други етнитети. Според податоците на Заводот за Статистика, од вкупниот број на население, 161005 се мажи и 158911 се жени.

### б) Примероци на истражувањето

Во ова истражување се опфатени се жени и мажи над 18 годишна возраст. Со анкетата се опфатени 498 (44 % мажи и 56% жени) анкетирани лица. Примерокот е репрезентативен бидејќи анкетираните ја рефлектираат етничката структура на населените места (урбана и рурална димензија) возраста, образовното ниво во полошкиот регион.

### в) Пристап

Теренското истражување е реализирано врз основа на прашалник составен од ангажиран експерт од страна на Институтот за лидерство и јавни политики Тетово, кој е поделен на неколку делови. Прашалникот е составен од општи прашања со демографски податоци за испитаниците, прашања поврзани со политичката активност, прашања поврзани со учеството на жените во политичкиот живот во Република Северна Македонија.

Истражувањето на терен е реализирано преку анкетирање на 498 испитаници од Полошкиот регион. Истражувањето е направено според методот на случајност. Најнапред беше идентификувана приближната група во секоја општина и населено место, потоа беше одреден бројот на анкетираните по што беше организирана обука за лицата кои ја вршеа анкетата. Методот на случајност е избран за ова истражување, бидејќи во Полошкиот регион немаше студии околу ставот на граѓаните во врска со перцепцијата за

жените во политиката во Полошкиот регион. Прашалникот употребен во оваа анкета е структурален прашалник, составен од 19 прашања, поделени во разни тематски делови. Тој е составен така за да се добијат квалитативни и квантитативни податоци кои ќе дадат информации за учеството на жените во политичкиот живот во Република Северна Македонија.

### Варијабли

***Етничката припадност*** - македонски, албански, турски, ромски, српски, влашки, бошњачки и други модалитети.

***Населено место*** - урбан и рурален модалитет

***Возраст***- модалитети 18-25 години, 26-33 години, 34-41 години, 42-49 години и 50+ години.

***Образование*** - модалитети: Незавршено основно образование, завршено основно образование, завршено средно образование, завршено високо образование (факултет), завршени постдипломски студии.

***Статус на вработеност*** – модалитети: вработена во јавниот сектор, вработена во приватниот сектор, вработена во цивилното општество (невладин сектор), земјоделец, домаќинка, пензионерка, ученичка/студентка, невработена и др.

***Нето месечни средни примања во семејството*** – Модалитети: до 9000 денари, од 9001 до 15.000 денари, од 15.001 денар до 21.000 денари, од 21.001 – 27.000 денари од

27,001 – 35.000 денари, од 35.001- 41.000 денари, повеќе од 41.001 денари.

Главните резултати од истражувањето во овие области се прикажани во продолжение, а потоа следуваат општите препораки во врска со вклучувањето на жените во политичкиот живот во Полошкиот регион.

### г) Преглед на варијаблите

### Етничка припадност

Сакајќи во анкетата да имаме соодветно застапување на сите заедници, примероците на анкетата посебно внимание и даваат на варијаблата – етничка припадност. Така, во ова

истражување, од вкупно 498 анкетирани, 76 % се од албанска етничка припадност, 21 % се од македонска етничка припадност, 1.8 % се од турска етничка припадност, 0,8 % од ромска етничка припадност и 0.2 % се определиле како останати (види Графикон 1).

*Графикон 1 Етничка припадност*




***Извор: Структуриран прашалник во рамки на проектот „Зголемување на учеството на жените во политиката во Северна Македонија“***

Ваквата структура на анкетираните, речиси е соодветна со структурата на населението според етничката припадност. Во врска со вклучувањето на жената во политиката според етничката припадност, таа е клучна бидејќи ги изнесува евентуалните разлики меѓу заедниците во однос на практиките и пристапот на жените од различни етнички групи во политиката. Диференцијалните наоди според оваа варијабла се истакнуваат доколку има потреба за посебни интервенции врз основа на етничката припадност во подигање на свеста на жените и заедниците за вклучување во политиката.

## Пол

Полот можеби е и најважната вариабла, според која ќе се утврдат различните перцепции на жените и мажите за учеството во политиката. Според податоците од анкетата 56% од анкетираните се жени и 44% од анкетираните се мажи (види Графикон 2).

*Графикон 2 Пол*




***Извор: Структуриран прашалник во рамки на проектот „Зголемување на учеството на жените во политиката во Северна Македонија“***

## Населено место

Создавање на ставови зависно од типологијата на населеното место, и различната социолошка и родова анализа игра значајна улога во претставување една појава но и во дизајнирање и таргетирање на специфични интервенции за урбаните и руралните населени места. Таков пристап е неопходен во оваа студија каде се третира прашањето на учеството на жените во политиката, односно идентификација на ставовите на анкетираните според населените места бидејќи трендот на промени на системите на вредности на микро нивоа (малите заедници) имаат важна улога во активното учество на жената во политиката. Во многу случаи во контекст на анализирање на прашања кои се однесуваат на жените, примарните показатели на анализата се референти врз основа на градот, бидејќи поради влијанието на социјалните фактори, очекувањето за менување на некои традиционални практики во градовите е многу поголемо споредбено со руралните општини. 43.5% од анкетираните живеат во урбаните општини додека 56.5 % во руралните општини (види Табела 1).

*Табела 1 Анкетирани според општини*

| | | % |
|---|---|---|
| | Општина Тетово | 34.5 |
| | Општина Гостивар | 9.0 |
| | Општина Желино | 8.4 |
| | Општина Врапчиште | 11.2 |
| | Општина Теарце | 11.6 |
| | Општина Јегуновце | 4.2 |
| | Општина Брвеница | 6.4 |
| | Општина Боговиње | 11.4 |
| | Општина Маврово и Ростуша | 3.0 |
| | Вкупно | 100.0 |

***Извор: Структуриран прашалник во рамки на проектот „Зголемување на учеството на жените во политиката во Северна Македонија“***

## Образование

Истражувањето покажува дека еден значаен инструмент за зајакнување на положбата на жената е образованието. Истражувањето се осврнува на односите помеѓу образовното ниво на анкетираните и остварувањето на правото на учество во политиката. Евидентен е фактот дека постои корелација помеѓу нивото на образование и политиката, односно корелација помеѓу престижноста на професијата, степенот на образование со можноста за вклучување во политиката. Ако се анализира образовната структура видливо е дека 2.6 % од анкетираните немаат завршено основно образование, 13 % имаат завршено основно образование, 27.7 % имаат средно образование, 43,4 % имаат високо образование и само 13.1% имаат завршено постдипломски студии (види Графикон 3).

Графикон 3 Образование




***Извор: Структуриран прашалник во рамки на проектот „Зголемување на учеството на жените во политиката во Северна Македонија“***

## Возраст на анкетираните

Во овој дел, мнозинството на анкетирани припаѓа на групата на возраст од 34-41 години (26,5 % ), следува група на возраст од 26-34 години (22.5%), 42-49 со (18,1%), група на возраст 18-25 години (17.7%) и на возраст од 50 + ( 15.3 %).

Разликите помеѓу генерациите се прашања кои се предмет на научно истражување во контекст на трендовите, вредностите и вкусот. Истражувањето се обидува да третира прашања на пристапот во политиката анализирајќи ги разликите меѓу различните групи на возраст во врска со реализирање и дефинирање на истакнатиот проблем.

## Вариаблата вработеност

Компаративните искуства покажуваат дека пристапот во пазарот на трудот, секторот на вработување е во директна корелација со можностите на жените да учествуваат во политиката, бидејќи неплатениот труд во комбинација со долгите или нефлексибилни работни ангажмани можат да бидат бариера за поактивно вклучување на жените во политиката. Следствено и во оваа истражување беше анализирана врската помеѓу статусот на вработување и вклученоста во политиката. Што се однесува на статусот на вработеност 33.7 % од анкетираните - се вработени во јавниот сектор, 25.1 % се вработени во приватниот сектор, 13.5 % се невработени, 10% се студенти/ки, и 9.8 % се домаќинки (види Графикон 4).

*Графикон 4 Статус на вработеност*




***Извор: Структуриран прашалник во рамки на проектот „Зголемување на учеството на жените во политиката во Северна Македонија“***

## Економски статус

Едно од прашањата во прашалникот беше поврзано со економскиот статус односно примањата во семејството. 22.1% од анкетираните пријавија примања од 27000-35000 денари, 20.9% од 210001-27000 денари, 13.9% од 9001-15000 денари, 13,7% од 15001-21000 денари и 6 % со помалку од 9000 денари (види Графикон 5).

*Графикон 5 Економски статус*




***Извор: Структуриран прашалник во рамки на проектот „Зголемување на учеството на жените во политиката во Северна Македонија“***

А) Политичка активност

Анкетираните одговорија на прашањето на политичката активност. 35 % од анкетираните се гласачи на политичка партија,11% се членови на политичка партија 9% се приврзаници на одредена политичка партија, 5% се активисти на политичка партија, додека дури 40 % немаат никаква поврзаност со политичка активност. Ако се анализираат одговорите според пол, може да се заклучи дека % на мажите вклучени во политиката е повисок споредбено со жените (11.9% vs.9.7%), само 2.5 % се активистки на политички партии, и % на жени кои се гласачи само или немаат интерес исто така е повисоко споредбено со мажите (види Графикон 6).

*Графикон 6 Политичка активност*




***Извор: Структуриран прашалник во рамки на проектот „Зголемување на учеството на жените во политиката во Северна Македонија"***

Анкетираните одговорија на прашањето дали изборите во Република Северна Македонија се фер и демократски, 37.3% од анкетираните сметат дека до одреден степен изборите се демократски. Дури 29.7 % не се согласуваат а 16.3% воопшто не се согласуваат дека изборите се фер и демократски (види Табела 2).

*Табела 2 Изборите се фер и демократски*

| Дали сметате дека изборите во Република Северна Македонија се фер и демократски? | % |
|---|---|
| Целосно се согласувам | 4.2 |
| Се согласувам | 14.3 |
| До одреден степен се согласувам | 37.3 |
| Не се согласувам | 27.9 |
| Воопшто не се согласувам | 16.3 |
| Вкупно | 100.0 |

***Извор: Структуриран прашалник во рамки на проектот „Зголемување на учеството на жените во политиката во Северна Македонија“***

Активното избирачко право е основа на директната демократија која за жал во последните години се помалку се користи од граѓаните и граѓанките поради чувството на апатија и недоверба во политичките елити. Сепак, според резултатите на анкетата, дури 87% проценти од испитаниците гласале во последните избори, секој 10-то анкетирано лице не гласало во последните избори (Види графикон 7).

*Графикон 7 Дали гласавте во последните парламентарни избори*




***Извор: Структуриран прашалник во рамки на проектот „Зголемување на учеството на жените во политиката во Северна Македонија“***

## Б. Учество на жените во политичкиот живот

Перцепцијата на граѓаните и граѓанките за вклучување на жените во политичкиот живот е важна бидејќи е основа за дизајнирање на интервенциите за зголемено учество на жените во политичкиот живот. Дури 33.7 % од анкетираните сметат дека жените не се вклучени во политичкиот живот, интересно дека 7% од анкетираните не одговорија на оваа прашање, и само 14.1 % сметат дека жените се вклучени во политичкиот живот (види Табела 3).

*Табела 3: Жените се доволно застапени во политичкиот живот во РСМ*

| Дали сметате дека жените се доволно застапени во политичкиот живот воопшто во РСМ? | | % |
|---|---|---|
| | Да | 14.1 |
| | До некаде | 45.2 |
| | Не | 33.7 |
| | Без одговор | 7.0 |
| | Вкупно | 100.0 |

***Извор: Структуриран прашалник во рамки на проектот „Зголемување на учеството на жените во политиката во Северна Македонија“***

Секоја второ анкетирано лице ,без оглед на пол смета дека жените воопшто и не многу се застапени во водечки позиции на централно или републичко ниво. Секоја 10 анкетирана жена смета дека жените многу и во голема мера се вклучени во водечки позиции на републичко ниво. Следствено, перцепцијата на граѓаните и граѓанките во полошкиот плански регион е дека жените се исклучени од водечките позиции на централно ниво (види Табела 4).

*Табела 4: Застапување на жените во републичко ниво*

| | Жени доволно застапени / На водечка позиција на републичко ниво | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Воопшто | Не многу | Во одреден степен | Многу | Во голема мера | Без одговор |
| **Машки** | 8.7% | 37.9% | 37.0% | 11.9% | 4.1% | .5% |
| **Женски** | 11.8% | 40.5% | 36.2% | 7.9% | 3.6% | 0.0% |

***Извор: Структуриран прашалник во рамки на проектот „Зголемување на учеството на жените во политиката во Северна Македонија“***

Локалната самоуправа е нуклеус на директната демократија и платформа за вклучување на граѓаните и граѓанките во процесот на донесување на одлуки. Интересен е податокот дека % на мажи кои сметат дека жените се воопшто или не многу застапени е повисок од % на жените (48.4% vs. 48.2%). Додека 11.9 % мажите во полошкиот регион сметат дека

жените се многу застапени, со оваа констатација се согласуваат и 8.2% од анкетираните жени (види Табела 5)

*Табела 5 Застапеност на жените во локалната самоуправа*

| | **Жени застапени / Во локалната самоуправа** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Воопшто | Не многу | Во одреден степен | Многу | Во голема мера | Без одговор |
| **Машки** | 13.7% | 34.7% | 33.8% | 11.9% | 4.1% | 1.8% |
| **Женски** | 8.2% | 40.5% | 39.4% | 8.2% | 3.6% | 0.0% |

***Извор: Структуриран прашалник во рамки на проектот „Зголемување на учеството на жените во политиката во Северна Македонија“***

Повеќе од 50% од граѓаните во планскиот регион во полошкиот регион, без разлика на пол, сметат дека жените воопшто или не многу се вклучени во водечки позиции во локално ниво. Само 4.1% од мажите и 3.6% жените сметат дека во голема мера жените се вклучени во водечките позиции на локално ниво. Додека 16.4 % мажи сметат дека жените се целосно исклучени, процентот на жени кои го делат ова мислење е пониско (10.8%).Интересно дека само 0.5% мажи и жени не одговориле на оваа прашање (види Табела 6).

*Табела 6: Жени застапени во водечка позиција на локално ниво*

| | **Жени доволно застапени / На водечка позиција на локално ниво** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Воопшто | Не многу | Во одреден степен | Многу | Во голема мера | Без одговор |
| **Машки** | 16.4% | 33.3% | 31.1% | 14.6% | 4.1% | .5% |
| **Женски** | 10.8% | 40.1% | 36.2% | 9.0% | 3.6% | .4% |

***Извор: Структуриран прашалник во рамки на проектот „Зголемување на учеството на жените во политиката во Северна Македонија“***

Основната нишка на политичкиот активизам во нашето општество се политичките партии, и вклученоста во овие структури е предуслов за лидерски позиции во локалната самоуправа и институциите од централната власта. Овој показател укажува дека само 1/4 од анкетираните мажи и 1/5 од анкетираните жени сметат дека многу или во голема мера жените се вклучени во структурите на политичките партии. 51.6 % од жените сметат дека

до одреден степен се вклучен, додека % на мажи кои сметат дека жените се целосно вклучени во политичките парти е скоро двојно повисок споредбено со жените (види Табела 7).

*Табела 7 Застапеност на жените во политичките партии*

| | **Жени доволно застапени / Низ политичките партии** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Воопшто | Не многу | Во одреден степен | Многу | Во голема мера | Без одговор |
| **Мажи** | 8.2% | 26.5% | 38.8% | 22.8% | 3.2% | .5% |
| **Жени** | 4.7% | 22.9% | 51.6% | 17.2% | 3.6% | 0.0% |

***Извор: Структуриран прашалник во рамки на проектот „Зголемување на учеството на жените во политиката во Северна Македонија“***

Директната демократија која се манифестира преку граѓански активизам но и преку етаблирани механизми кои институциите ги спроведуваат да ги вклучат граѓаните во процесот на утврдување на приоритети основа партиципативниот и инклузивен пристап на владеење. Само 6.8 % од жените во полошкиот регион сметат дека во голема мера се вклучени во процесот на креирање на политики. 30% од анкетираните мажи и жени сметат дека жените воопшто или не многу се вклучени во процесот на креирање на политики (види Табела 8)

*Табела 8 Жени вклучени во разни организации кои имаат влијае врз креирање на политиките*

| | **Жени недоволно застапени / Преку разни организации кои имаат влијание врз креирањето политиките** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Воопшто | Не многу | Во одреден степен | Многу | Во голема мера | Без одговор |
| **Машки** | 6.4% | 23.7% | 39.7% | 20.1% | 10.0% | 0.0% |
| **Женски** | 5.0% | 24.4% | 41.9% | 21.5% | 6.8% | .4% |

***Извор: Структуриран прашалник во рамки на проектот „Зголемување на учеството на жените во политиката во Северна Македонија“***

Перцпепциите на граѓаните и граѓанките на влијанието на разни сегменти од политичките елити се важни за да се утврди динамиката на односите и влијанието во политичкиот живот во РСМ. Граѓаните го оценуваа влијанието на политичарите мажи, политичарите жени, оние од не-мнозинските заедници како и младите политичари.

Согласно наодите 69.3 % од анкетираните сметат дека политичарите мажи имаат влијание во политичкиот живот, додека 37% од анкетираните сметат дека жените имаат во одреден степен влијание, интересен е наодот дека дури 1/3 од испитаниците сметат дека жените воопшто или не многу влијаат врз политичкиот живот во РСМ. Имајќи го во предвид фактот дека во полошкиот регион мнозинското население припаѓа на немнозинските заедници интесен е наодот дека дури 41% од анкетираните сметат дека лидерите и политичарите од не-мнозинските заедници немаат воопшто или не многу влијание врз политичкиот живот во РСМ. Уште помала е вербата на граѓаните во влијанието на младите политичари и лидери во политичкиот живот, само 17% од анкетираните сметат дека младите политичари и лидери имаат влијание врз политичкиот живот во РСМ (види Графикон 8).

*Графикон 8: Влијанието во политичкиот живо*




***Извор: Структуриран прашалник во рамки на проектот „Зголемување на учеството на жените во политиката во Северна Македонија“***

Од посебен интерес за анализата е перцепцијата на граѓаните и граѓанките за факторите кои влијаат врз решеност да се вклучат во политичкиот живот. Анкетираните со моделот на ликертова скала оценија во која мера социјалните и културните ставови за улогата на жените во општеството, предрасудите, религијата, недостатокот на финансии, недостатокот на поддршка од политичките партии, перцепцијата за политиката како валкана или корумпирана, недостатокот од поддршка од семејството и мажите, недостатокот на поддршка од гласачкото тело, недостатокот на образование, недостатокот на искуство можат да влијаат врз решеност на жените да се вклучат во

политичкиот живот во РСМ. Граѓаните сметат дека врз решителноста да се вклучат во политичкиот живот влијаат повеќе фактори. Најголем процент на граѓаните (2/3) сметат дека предрасудите и перцепцијата дека политиката е валкана и корумпирана влијаат жените да не се вклучат во политичкиот живот на СРМ. Околу 50% анкетираните сметат дека немањето на поддршка од политичките партии и семејството, и поддршка од сопругот многу или во голема мера влијаат врз решителноста на жената да се вклучи во политиката. Интересен е наодот, компаративно со другите фактори, дека образованието споредбено има помала корелација со вклученоста на жената во политиката (38% ). Слична е перцепцијата и за религијата, само 35% од анкетираните сметат дека во голема мера или многу влијае врз решителноста на жената да се вклучи во политиката. 34% од анкетираните сметат дека недостатокот на финансии до одреден степен влијае врз решителноста на жените за активен ангажман во политиката. Наодите укажуваат дека проблемот на вклученоста е последица на повеќето од горенаведените фактори и следствено јавните политики во оваа сфера треба да бидат комбинација на интервенции во семејството, заедницата, политичките партии како и интервенција за зајакнување на социо-економската положба на жените во заедницата (види Графикон 9). Интересен е наодот дека нема значителни разлики во перцепцијата според пол, но исклучок се предрасудите, додека само 21.5 % мажи сметат дека предрасудите влијаат во голема мера, % на жени кои сметат дека предрасудите влијаат во голема мера е двојно повисок, те. 40.1%.

*Графикон 9: Фактори за решеноста на жените да се вклучат во политиката*



*Извор: Структуриран прашалник во рамки на проектот „Зголемување на учеството на жените во политиката во Северна Македонија“*



Анкетираните сметат дека треба да се воведат посебни мерки и програми со цел да се зголеми учеството на жените во политиката. Додека огромно мнозинство од 74% се за такви мерки и интересен е високиот % на граѓани (15%) кои немаат мислење, додека 7 % се против таквите мерки (види Графикон10).

*Графикон 10: Дали треба да има посебни мерки*




***Извор: Структуриран прашалник во рамки на проектот „Зголемување на учеството на жените во политиката во Северна Македонија"***

Анкетираните одговорија и на прашањата за механизмите за поддршка за постигнување на родовата еднаквост во политиката. Следствено, 62.2% ги подржуваат мерките донесени со закон за поддршка на женските кандидатски листи, 52% сметат дека кандидатите жени треба да имаат финансиска поддршка, и 55% сметат дека треба да се работи со политичките партии да воведат родов паритет во партиските структури. Секое 10-то анкетирано лице е против афирмативните мерки за промовирање на родовиот паритет во политиката. Интересен е наодот дека дури 16% од вкупниот број на анкетирани не одговориле на овие прашања (види Графикон).

*Графикон 11 Мерките за родова еднаквост во политиката*




***Извор: Структуриран прашалник во рамки на проектот „Зголемување на учеството на жените во политиката во Северна Македонија“***

Анкетираните одговорија и на прашањата за постоечката политика на квоти за учество на жените во политиката. Следствено, 8 % од граѓаните се против квоти во законодавната власт/парламентот на РСМ, додека повеќе од 90% се согласуваат до некаде или целосно со оваа политика. Само 29 % од анкетираните не се согласуваат со изјавата дека квотите би требало да се применуваат само привремено, 2/3 од анкетираните сметат дека партиите треба да утврдат повисоки афирмативно квоти од она што е законска утврдена квота. Интересен е наодот дека 85 % од анкетираните сметат дека квотите треба да бидат придружени и со други мерки за подигање на свеста, околу 30 % од анкетираните сметат дека квотите се дискриминирачки механизми (види Графикон 12). Наодите укажуваат на потребата за подигање на свеста за механизмите кои се спроведуваат да ја подобрат положбата на сегменти на население која/кои поради културни и структурни причини се исклучени од овие процеси и потребата за специфични интервенции да се подобри пристапот до ресурси, потреби, влијание и др.

*Графикон 12: Перцепцијата за квоти*




***Извор: Структуриран прашалник во рамки на проектот „Зголемување на учеството на жените во политиката во Северна Македонија“***

Анкетираните одговорија на прашањето за потребата од подигање на свеста на граѓаните за родовиот паритет, 81 % од граѓаните ги подржуваат мерките за подигање на свеста, 7 % се против додека 11% не знаат дали има потреба од вакви механизми (види Графикон 13).

*Графикон 13: Потреба од подигање на свеста*




***Извор: Структуриран прашалник во рамки на проектот „Зголемување на учеството на жените во политиката во Северна Македонија“***

Анкетираните одговорија на прашањето за адекватноста на алатките го доносителите на одлуки би требало да ги спроведат за подигање на свеста на граѓаните за родовиот паритет, 20.9 % од граѓаните сметат дека треба да се организираат панели со граѓаните, 20% сметат дека треба да се организираат јавни состаноци, 19.3 % сметат дека треба да искористат социјалните мрежи, околу 9% сметат дека треба да се посетат граѓаните во своите домови и околу 5% сметат дека интернет е-пошта и пошта би требало да са користат да се информираат граѓаните за овој проблем. (види Графикон 14).

*Графикон 14: Алатки за подигање на свеста на граѓаните*




***Извор: Структуриран прашалник во рамки на проектот „Зголемување на учеството на жените во политиката во Северна Македонија“***

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Граѓаните и граѓанките во полошкиот плански регион сметат дека жените не се доволно вклучени во политичкиот живот во Република Северна Македонија.

Секој второ анкетирано лице во полошкиот плански регион смета дека изборите во РСМ не се фер и демократски.

Граѓаните во полошкиот плански регион сметат дека политичарите мажи имаат монопол и примат на влијание врз политичкиот живот во Република Северна Македонија.

Граѓаните сметат дека политичарите жени, политичарите од не-мнозинските заедници и младите политичари имаат споредна улога во политичкиот живот во РСМ.

Проблемот на вклученоста е последица на повеќе фактори и следствено јавните политики во оваа сфера треба да бидат комбинација на интервенции во семејството, заедницата, политичките партии како и интервенција за зајакнување на социо-економската положба на жените во заедницата.

Сепак, најголем процент на граѓаните сметат дека предрасудите и перцепцијата дека политиката е валкана и корумпирана имаат влијание жените да не се вклучат во политичкиот живот на СРМ.

Граѓаните и граѓанките во полошкиот плански регион сметат дека централната и локалната власт треба да интервенира со мерки за да зголеми учеството на жените во политичкиот живот.

Во полошкиот плански регион не постои традиција на организираност на жените во граѓанското општество, со цел артикулација на интересите и потребите на жените.

Длабоко вкоренетите културни норми за поделбата на одговорностите на жените и мажите во целокупното живеење, со кое утврдуваат одредени улоги со кои жената се идентификува со домот и семејството, а мажот со управувањето и раководењето доведува до состојба на (само)исклучување на жените од политиката.

Економската состојба исто така има влијание врз учеството на политиката, женските професии се професии кои носат помал приход, бројот на фирми во сопственост на жени и % процентот на жени кои имаат недвижност споредбено со другите плански региони е на пониско ниво. Следствено имајќи го во предвид фактот дека постои практика во нашата политичка култура да кандидатите вложат во нивните кампањи, станува јасно дека економската состојба е непремостлива за жените од полошкиот регион.

Ограничениот број на жени кандидати во политичките партии е причина за помалата застапеност на жените. Ограничената застапеност е поврзана со нискиот процент на жени кандидати, а не со недостатокот на поддршка од гласачите. Во зависност од изборниот систем, таквите разлики можат да бидат резултат или на родовите јазови во однос на политичките амбиции, или пак на процесот на регрутирање и селекција внатре во политичките партии.

Истражувањето покажува дека мажите во полошкиот регион ја препознаваат потребата за затварање на родовите јазови и поддржуваат промени во политиката за да се постигне родовиот паритет. Тоа значи дека постојат мажи кои би го поддржале процесот на зголемување на учеството на жените во политиката и кои можат да бидат многу корисни сојузници во процесот.

## ПРЕПОРАКИ

Да се зајакнат капацитетите на институционалната машинерија во ЕЛС во полошкиот регион бидејќи тие се основни двигатели на спроведување на политиките на родова еднаквост на локално ниво како нуклеус на секоја општествена промена.

Инвестирањето во установи за грижа на деца и воведувањето на мерки кои би придонеле за балансирање на семејните обврски, во повеќето рурални општини до 2020 немаше детски градинки и институции за грижа на старите лица.

Инсистирање на воведување на посебни мерки и на ниво на извршната власт на централно и локално ниво, со утврдување на посебни квоти и за извршните позиции. Изборите

Општините кои гравитираат во Полошкиот плански регион, комисиите за еднакви можности помеѓу жените и мажите на општински нивоа и другите соодветни механизми за постигнување на родова рамноправност и почитување на човековите права, да го мониторираат вклучувањето на жените во политиката.

Да се поттикне јавна дебата од страна на цивилното општество, со цел информирање на граѓаните, конкретно на жените за потребата за вклучување на жените во јавниот и политичкиот живот.

Неопходна е попрецизна анализа на правната рамка за разгледување на можни промени и надминување на "тесните грла" со цел да се намали просторот за исклучување на жените од политичкиот и јавниот живот.

Граѓанските здруженија во соработка со институционалните механизми за остварување на родова рамноправност да иницираат кампањи за подигање на свеста и за информирање за потребата од вклучување на жените во политичкиот живот. Кампањите треба да дизајнираат специфичен пристап за руралните и урбаните населби, разните етнички заедници и различните информативни механизми кои ќе бидат прифатливи за соодветните возрасни групи.

Комисијата за еднакви можности меѓу жените и мажите и женските граѓански здруженија да организираат обуки за политичките партии со цел нивно сензибилизирање за родовата еднаквост и родовиот паритет во партиските структури.

Комисијата за еднакви можности меѓу жените и мажите и институционалните механизми за унапредување на родовата рамноправност и човековите права да

подготвуваат и спроведуваат програми и долгорочна стратегија кои ќе влијаат во менувањето на предрасудите шеми и модели за однесување на мажите и жените во општеството.

Институционалните механизми за постигнување на родова рамноправност и граѓанските здруженија да го мониторираат спроведувањето на законите и на зацртаните стратегии за заштита на човековите слободи и права на жените и девојките.

Да се воведе родова квота во политичките партии со цел да подобри пристапот на жените во одлучувачките структури, а се со цел создавање на ,,роле модел,, на жени активни во политичките партии со цел инспирирање на жените за поактивно вклучување во политиката.

Поддршка за женските интересни групи со цел да се зголеми видливоста и легитимноста на овие структури во насока сензибилизирање на заедницата за потребата за посуштинско инволвирање на жената во јавниот живот во заедницата.

## БИБЛИОГРАФИЈА


- Устав на РСМ http://mls.gov.mk/images/laws/zakoni/Ustav%20na%20RM%20Sluzben%20vesnik%20br.%2052-1991.pdf
- Закон за локалната самоуправа,- Службен весник на РСМ бр. 5 од 29 јануари 2002 година
- Изборен законик, Службен весник број:40/2006
- Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, Службен весник број: 196/2015
- Закон за младинско учество и младински политики ,,Службен весник на РСМ Бр. 27/1
- Закон за еднакви можности на жените и мажите “Службен Весник на Република Северна Македонија” бр. 166/2014,,
- Европска повелба за локална самоуправа
- Дополнителен протокол на Европската повелба за локална самоуправа за правото на учество во работите на локално ниво
- Стратегија за иновации и добро управување на локално ниво, Совет на Европа, http://www.coe.int/t/dgap/localdemocracy/strategy_innovation

# АНЕКС

## Структуриран прашалник

Бр.______________

| |
|---|
| Овој прашалник е составен дел од проектот „***Зголемување на учеството на жените во политиката во Северна Македонија***". Целта на ова истражување е подобро да се разберат двигателите и блокаторите на учеството на жените во политиката во Република Северна Македонија. Овие податоци ќе помогнат да се дизајнираат адекватни пристапи за подигнување на свеста на граѓаните за родовата димензија на политичкото учество и создавање на поздравно и подржувачко опкружување за учество на жените во политичкиот живот во Република Северна Македонија. |

**ДЕМОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ НА ИСПИТАНИКОТ**

**1.Живеалиште**

1. Општина Тетово
2. Општина Гостивар
3. Општина Желино
4. Општина Врапчиште
5. Општина Теарце
6. Општина Јегуновце
7. Општина Брвеница
8. Општина Боговиње
9. Општина Маврово и Ростуша

**2. Пол**

1. Машки
2. Женски

**3. Етничка припадност**

1. Македонец
2. Албанец
3. Турчин
4. Ром
5. Друго ______________

**4. Возраст**

1. 18 -25
2. 26-33
3. 34-41
4. 42-49
5. 50+

**5.Статус на вработување**

1. Вработен/а во јавен сектор
2. Вработен/а во приватен сектор
3. Земјоделец/Фармер
4. Домаќинка
5. Пензионер
6. Ученик/Студент
7. Невработен/а
8. Друго______________

**6. Образование**

1. Нецелосно основно образование
2. Завршено основно образование
3. Завршено средно образование
4. Високо образование
5. Завршени пост-дипломски студии (магистерски или докторски)

**7. Економски статус (нето месечен приход на вашето семејство во 2017 година)**

1. Помалку од 9000 денари
2. Од 9001-15000 денари
3. Од 15001-21000 денари
4. Од 21001-27000 денари
5. Од 27001-35000 денари
6. Од 35001-41000 денари
7. Повеќе од 41001 денари

Приближно, колку вие и вашето семејство трошите месечно_________(денари)..

**ПРАШАЊА ПОВРЗАНИ СО ПОЛИТИЧКАТА АКТИВНОСТ**

**8. Каква политичка активност имате лично?**

1. Јас сум член на политичка партија
2. Јас сум активист на политичка партија
3. Јас сум приврзаник на политичка партија
4. Јас сум само гласач на политичка партија
5. Јас не сум ништо од горенаведеното

**9. Дали сметате дека изборите во Република Северна Македонија се фер и демократски?**

**Целосно се согласувам**

Се согласувам

До одреден степен се согласувам

Не се согласувам

Воопшто не се согласувам

**10. Дали гласавте на последните парламентарни избори?**

ДА 2. НЕ

**Ако „НЕ“, тогаш ве молам, кажете зошто?**

______________________________________________________________________________

__________________________________________

**III. ПРАШАЊА ПОВРЗАНИ СО УЧЕСТВОТО НА ЖЕНИТЕ ВО ПОЛИТИЧКИОТ ЖИВОТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**11. Дали сметате дека жените се доволно застапени во политичкиот живот воопшто во РСМ?**

ДА 2. До некаде 3. НЕ

**12. Дали мислите дека жените се недоволно застапени во политиката?**

| **Според вас, колку се застапени жените во политичкиот живот во РСМ** | **Во голема мера** | **Многу** | **Во одреден степен** | **Не многу** | **Воопшто** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Во парламентот на | **5** | **4** | **3** | 2 | 1 |
| 2. На водечка позиција на републиканско ниво | **5** | **4** | **3** | 2 | 1 |
| 3. Во локалната самоуправа | **5** | **4** | **3** | 2 | 1 |
| 4. На водечка позиција на локално ниво | **5** | **4** | **3** | 2 | 1 |
| 5. Низ политичките партии | **5** | **4** | **3** | 2 | 1 |
| 6. Преку разни организации кои имаат влијание врз | **5** | **4** | **3** | 2 | 1 |

**13. Според вас, какво влијание имаат следните групи воопшто врз политичкиот живот во РСМ?**

| | **Во голема мера** | **Многу** | **Во одреден степен** | **Не многу** | **Воопшто** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Машки политичари и лидери | **5** | **4** | **3** | 2 | 1 |
| 2. Женски политичари и лидери | **5** | **4** | **3** | 2 | 1 |
| 3. Политичари и лидери на немнозински етнички групи | **5** | **4** | **3** | 2 | 1 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4. Млади политичари и лидери | **5** | **4** | **3** | **2** | 1 |
| 5. Други | **5** | **4** | **3** | **2** | 1 |

**14. Според вас, колку влијаат следниве фактори врз решеноста на жените да влезат во политиката?**

| | **Во голема мера** | **Многу** | **Во одреден степен** | **Не многу** | **Воопшто** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Социјални и културни ставови во врска со улогите на | **5** | **4** | **3** | **2** | 1 |
| 2. Предрасуди | **5** | **4** | **3** | **2** | 1 |
| 3. Вера | **5** | **4** | **3** | **2** | 1 |
| 4. Недостаток на финансии | **5** | **4** | **3** | **2** | 1 |
| 5. Недостаток на поддршка од | **5** | **4** | **3** | **2** | 1 |
| 6. Политиката се смета за | **5** | **4** | **3** | **2** | 1 |
| 7. Недостаток на поддршка од | **5** | **4** | **3** | **2** | 1 |
| 8. Недостаток на поддршка од | **5** | **4** | **3** | **2** | 1 |
| 9. Недостаток на поддршка од | **5** | **4** | **3** | **2** | 1 |
| 10. Недостаток на образование | **5** | **4** | **3** | **2** | 1 |
| 11. Недостаток на искуство со „репрезентативни“ функции: јавно обраќање, односи со | **5** | **4** | **3** | **2** | 1 |
| 12. Други | **5** | **4** | **3** | **2** | 1 |

**15. Според вас, дали треба да има посебни мерки / програми со цел да се зголеми учеството на жените во политичкиот живот во РСМ?**

Да

Не

Не знам

**16. Ако вашиот одговор на претходното прашање е ДА, тогаш ве молиме давајте мислење за следниве алатки**

| | Да | Не | Не знам |
|---|---|---|---|
| 1. Мерки донесени доброволно за поддршка на женските кандидатури на националните или локалните избори | | | |
| 2. Мерки донесени со закон за поддршка на женските кандидатури на националните или локалните избори | | | |
| 3. Обезбедени места (квоти) за жени во изборните листи, | | | |
| 4. Обезбедете поголема финансиска поддршка за женските | | | |
| 5. Мерки или програми за сензибилизација на членовите на партијата за прашањата на родовата еднаквост? | | | |
| 6. Друго | | | |

**17. Какво е вашето мислење за следниве изјави поврзани со квоти (во изборната листа секое трето место е загарантирано за жени)?**

| | Целосно се согласувам | Се согласувам | До некоја мера | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Квотите се неопходна мерка за решавање на недоволното застапеност на жените и | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 |
| 2. Квотите треба да се применуваат само на привремена основа | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 |
| 3. Доброволните квоти одобрени од политичките партии се попосакувани од | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 |
| 4. Квотите се корисни, но не се доволни и треба да бидат придружени со други мерки, | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 |
| 5. Цитати не се потребни. жените мора да бидат избрани | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 |
| 6. Квотите се | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 |

**18. Дали сметате дека треба да се подигне свеста на граѓаните за да се побара од политичките партии родовата застапеност да биде што е можно подобра, односно да има повеќе жени во политиката и донесувањето одлуки?**

Да

Не

Не знам

**19. Ако ДА, тогаш која од следниве алатки според вас би била најсоодветна за подигање на свеста на граѓаните? (можете да заокружите повеќе алтернативи).**

1. Брошура добиена по пошта
2. Организација на разни панели со граѓани
3. Социјални медиуми како Фејсбук итн.
4. ТВ
5. Посети во домот
6. Објава во весници или списанија
7. Интернет - е-пошта
8. Јавни состаноци
9. Друго (наведете)___________________________________

БЛАГОДАРАМ ЗА ВАШЕТО УЧЕСТВО!

British Embassy Skopje
UKaid from the British people
ILPP Institute for Leadership and Public Policy